РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
БР. 01-737/2
30. 06. 2026 ГОД.
Битола

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА
NU National Theatre Bitola

**Национална установа**

**Народен театар - Битола**

# П Р А В И Л Н И К

За измена и дополнување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто или аудицијата, како и начинот на бодување во зависнот од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Народен театар-Битола

**Битола**

**Јуни, 2026 година**

Ул. „Широк Сокак" бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република С. Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of N. Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44

E-Mail: teatarbt@hotmail.coml www.narodenteatarbitola.com

НУ
НАРОДЕН
ТЕАТАР
БИТОЛА
NI National
Theatre Bitola

Врз основа на член 77-ѕ од Законот за култура и туризам, член 20 г од Законот за вработени во јавен сектор, член 20 став 1 точка 9 во врска со член 28 од Статутот на НУ Народен театар-Битола на предлог на директорот, Управниот одбор на својата 19та седница одржана на 30.06.2026 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто или аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Народен театар-Битола

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, начинот на спроведување на интервјуто или аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Народен театар-Битола со архивски број 01-737 од 25.12.2025 година.

## Член 2

Се врши измена во членот 9 од правилникот, односно бодувањето наведено во табеларниот приказ. Согласно законските одредби, а со цел изедначување на тежината и значењето на двете фази од селекција на кандидатите кои имаат аплицирано на јавниот оглас, се врши оваа измена.

| Реден број | **Фаза 1-Административна селекција** | | **Максимални бодови** |
|---|---|---|---|
| 1. | **Формално образование и тоа:**<br>**1.Постигнат успех во додипломски студии:**<br>**2. Постигнат успех во вишото образование**<br>**3.Постигнат успех во средно образование**<br>**4.Постигнат успех во основно образование** | <br>20 бода<br>/<br>10 бода<br>5 бода | <br>20 бода<br><br>10 бода<br>5 бода |
| 2. | **Неформално образование** | | 10 бода |
| 3. | **Работно искуство** | | 15 бода |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | **Други посебни работни компетенции за работното место, согласно актот за систематизација на работните места и колективен договор** | | 5 бода |
| | **Вкупно бодови од Фаза 1** | | **50 бода** |
| | | | |
| | **Фаза 2 –Интервју** | | |
| **1.** | **Интервју** - Општи прашања | | 10 бода |
| **2.** | **Интервју** – Прашања за општите компетенции | | 20 бода |
| **3.** | **Интервју** – Прашања за посебните компетенции | | 20 бода |
| | **Вкупно бодови од Фаза 2** | | **50 бода** |
| | **Фаза 2 –Аудиција** | | |
| **1.** | Проверка на чуство за ритам и слух (пеење и танцување) | | 15 бода |
| **2.** | Проверка на актерски вештини преку монолог или дијалог | | 15 бода |
| **3.** | Проверка на актерски вештини преку рецитал | | 15 бода |
| **4.** | Проверка на актерски вештини преку разговор/прашања од членовите на комисијата | | 5 бода |
| | **Вкупно бодови од Фаза 2** | | **50 бода** |
| | | | |
| | **Вкупно бодови од Фаза 1 и Фаза 2** | | **100 бода** |

**Член 3**

Се врши бришење на дел, пасус 2 (два) од членот 16 од правилникот поради тоа што истото е застапено и изменето во табеларниот приказ опфатено во членот 9.

Член 16 став 2 - *Вкупниот/максималниот број на бодови кои кандидатот може да ги освои е 30 бодови, односно по 10 за секој тип на прашања и тоа:*
*-за одговори од напредно ниво од 1 до 10 бода;*

*-за одговори од средно ниво од 1 до 10 бода и*
*-за одговори од основно ниво од 1 до 10 бода.*

**Член 4**

Поради законските измени целосно се бришат во членот 22 ставовите 2 и 3 кои гласеа:

Став 2- *Решението и договорот за вработување се склучуваат на неопределено време, со полно или неполно работно време.*

Став 3- *Исклучок од ова е кога се склучува договор односно се носи решение за давател на услуга-уметник (актер) каде постои законска обврска за првично склучување на договор на определено време и тоа од 5 (пет) години, па потоа трансформација во неопределено работно време.*

**Член 5**

Оваа измена и дополнување на Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување.

30.06.2026 година
Битола

Претседател на Управен одбор
Јовица Богоев